PSIHIJATRIJSKA BOLNICA
Kantona Sarajevo
www.jagomir.ba

# IV th Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting

# СОЦИЈАЛНО- ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИСИЛНО ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ ВО ТЕК НА 2007. ГОДИНА ВО ПСИХИЈАТРИЈСКАТА БОЛНИЦА САРАЕВО

# SOCIAL-DEMOGRAPHIC CHARACTERISTICS OF INVOLUNTARILY HOSPITALIZED PATIENTS DURING 2007 IN PSYCHIATRIC HOSPITAL IN SARAJEVO

*Џевад Бегиќ, Омер Ќемаловиќ, Винка Шмитран, Мухамед Ахмиќ*
*Психијатријската болница Сараево, БиХ*

**Апстракт:**
Према важечкиот Закон во ФБИХ постојат два начина на лечење кај душевни болесници: доброволен и присилен. Цел на овој труд беше да се анализираат социјално-демографските разлики кај присилно хоспитализирани пациенти во тек на 2007. година во Психијатриската болница во Сараево. Изучувани беа следните карактеристики: пол, години, завршено школување (стручна подготовка), работен и брачен статус, начин на издржување, исход на лечењето. Исто така, беа анализирани и пациенти спрема дијагнозата на болестта и спрема поранешна хоспитализација.
Во спроведените истражувања, во Психијатриската болница во Сараево, од вкупно 544 хоспитализирани, 32 (5.88%) беа присилни хоспитализации. Просечен присилно хоспитализиран маж е на возраст од 35 години, нежене, со завршено средно школо, невработен, корисник на социјална помош, веќе 3. пат на психијатриско лечење со дијагноза Ф 20.0.
**Клучни зборови:** душевен болесник, присилна хоспитализација, социјално-демографски карактеристики

**Summary:**
According to the Law in FB&H there are two ways of treatment of psychiatric patients: voluntary and involuntary. The purpose of this paper was to analyze the social-demographic differences in involuntarily hospitalized patients during year 2007 in Psychiatric Hospital in Sarajevo. Next characteristics have been studied closely: sex, age, educational background, working status, marital status, ways of supporting, treatment turnout. Also, patients were analyzed according to diagnosis and previous hospitalization. It was found that, in the Psychiatric Hospital of Sarajevo, from 544 hospitalization in 2007, 32 (5.88%) of them were involuntary ones.
An average involuntarily hospitalized patient during 2007 in Psychiatric Hospital in Sarajevo was a man, 35 years old, single, with high-school education, unemployed, on social-aid , already three times hospitalized with diagnosis F 20.0.
**Key words:** psychiatric patient, involuntary hospitalization, social-demographic characteristics

## ВОВЕД

За да се овозможи адекватно лечење и да се заштитат правата на присилно хоспитализирани пациенти, али и правата на самите психијатри во обавувањето на лекарската должност, беше неопходно законски да се регулира оваа медицинска област. Голем број на современите законодавства како основен критериум за присилна хоспитализација ја одредува опасноста по околината како и за самата личност, при што се нагласува дека таа опасност мора да биде директна и сериозна, за да се избегне било каква злоупотреба. Во некои земји, потенцијална причина за присилно лечење на болниот претставува оправдувањето дека недостатокот на терапија може да доведе до сериозно угрозување на нивната здравствена состојба или угрозување на материјални добра. Во нашето законодавство е одбран терминот « загрозување на живот, на здравјето или на сигурноста». За покренување на постапка и спроведување на присилна хоспитализација во ФБиХ, потребно е исполнување на одредени медицинско-правни постапки наведени во Законот за заштита на личноста со ментални пречки на ФБиХ од 2001.год.
До сега се направени многубројни истражувања на ризични фактори ( вклучувајки ги и социјално-демографските) кои беа значајни при донесување на одлуката за присилно хоспитализирање (Swanson и сор., Leung и сор., Reicher и сор., Malla, Norman i Helmes итн). Повеќето истражувања покажаа дека машкиот пол е почесто присилно хоспитализиран, и тоа помлади особи, оние со дијагноза на психотично пореметување, нежженети и невработени. Присилно задржани личности имаа често насилно и суицидално однесување и поголем број на претходни психијатриски хоспитализации.

## Цел и методи:

Цел на нашиот труд беше анализа на социјално-демографските карактеристики на присилно хоспитализирани пациенти во тек на 2007 година во Психијатриската болница Сараево. Беа проучувани следните карактеристики: пол, старост, завршено школување (стручна спрема), работен и брачен статус, начин на издржување, исход на лекувањето. Исто така беа анализирани пациентите спрема дијагнозата на болеста и поранешните хоспитализации.

## Резултатот:

Од вкупно 544 хоспитализирани пациенти, во тек на 2007 година, 32 пациента или 5.88% беа присилно задржани.




Графикон1

23 или 71,88% присилно хоспитализирани пацијенати беа машки, а 9 (28,12 %) беа од женскиот пол.




Графикон2




Графикон3

Најголемиот број на присилно хоспитализирани пациенти, 27 (84,38%) имаа завршено средно школо, 2 пациента (6,25%) имаа завршен факултет, а 3 (9,37%) имаа само основно образование.




Графикон 4

6 пациенти (18,75 %) беа вработени, 5 (15,62%) беа пензионери, а најголемиот дел, 21 (65,63%) беа невработени.




Графикон 5

Што се однесува до брачниот статус, 26 пациенти (81,25%) беа без партнер, од што 2 (6,25%) разведени, 2 вдовци и 22 пациента (68,75%) неженети. 6 пациенти (18,75%) беа во брачна заедница.




Графикон 6

Само еден присилно хоспитализиран пациент немаше дијагноза на психотично пореметување (Ф 19.2 - синдром на овисност), додека еден пациент имаше Дг: Ф 10.4 (состојба на апстиненција со делириј), всушност психотично пореметување, а сите останати пациенти, 30 вкупно, имаа дијагноза од групата Ф20-Ф29.




Графикон 7

Просечен број на хоспитализации до присилно задржување во 2007.год. беше 2,7.




Графикон 8

За 14 пациенти (43,75%) тоа воедно беше прва хоспитализација воопшто. За 8 болни (25%) присилната хоспитализација беше втора по ред, додека 10 (31,25%) болни имаа 3 и повеќе болнички лечења со анализирана присилна хоспитализација.




Графикон 9

## ЗАКЛУЧОК:

Просечен присилно хоспитализиран пациент во тек на 2007.год во Психијатриската болница Сараево беше од машкиот пол, од 35 години, неженет, со завршено средно образование, невработен, корисник на социјална помош, психијатриски болнички лечен 3 пати, со дијагноза Ф 20.0.

## Литературата:

1. Reicher A, Rossler W, Loffler W, et al: Factors influencing compulsory admission of psychiatric patients. Psychological Medicine 1991;21:197-208.
2. Swanson J, Borum R, Swartz M, Hiday V. Violent behavior preceding hospitalization among persons with severe mental illness. Law and Human Behaviour 1999;23(2):185-204.
3. Leung PK, Faulkner LR, McFarland BH, Riley C. Indochinese patients in the civil commitment process. Bulletin of American Academy of Psychiatry and Law 1993;21(1):81-89.
4. Malla A, Norman RM, Helmes E. Factors associated with involuntary admission to psychiatric facilities in Newfoundland. Canadian Medical Association Journal 1987;136(11):1166-1171